# Вонреден програмски надзор врз ТВ Алфа – начела за вршење на дејноста

**Скопје, 12 март 2019 година** – По службена должност, Агенцијата изврши вонреден програмски надзор врз емисијата „Во центар“ емитувана на ТВ Алфа на 24 февруари 2019 година.

Надзорот покажа дека во делови од емисијата, од страна на новинарот Васко Ефтов при интервјуто со претседателот на политичката партија Достоинство, Стојанче Ангелов, не се почитувани начелата за вршење на дејноста, меѓудругото преку оневозможување на соговорникот да се доискаже, користење лични дискредитации, односно преку обраќање на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум.

**Извештајот од надзорот е достапен на линкот:**

- ТВ Алфа (член 61 алинеи 1, 3 и 9 од ЗААВМУ) – 12.03.2019